Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 329/0306
30.11 2017 год.
Скопје

30.11.2017г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Суад Бајрами за прилогот насловен „Uji në Tetovë, ISHP: Nuk e rekomandojmë për pije, i presim analizat“ (Водата во Тетово, ИЈЗ: Не се препорачува за пиење, ги чекаме анализите), објавен на вториот канал на Македонска Радио Телевизија (МРТ 2).**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинари е прекршен во членот 12.

***Член 12***

*„Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 октомври 2017 година, Суад Бајрами поднесе жалба за прилогот со наслов „Uji në Tetovë, ISHP: Nuk e rekomandojmë për pije, i presim analizat“ (Водата во Тетово, ИЈЗ: Не се препорачува за пиење, ги чекаме анализите), објавен на 24 октомври 2017 година, на вториот канал на Македонска Радио Телевизија (www.al.mrt.com.mk).

Во жалбата се наведува дека се работи за повреда на авторски права, односно дека оспорениот текст, изворно објавен на „Порталб“ (www.portalb.mk), бил пренесен на МРТ 2, без да се наведе изворот на информација.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со вториот канал на Македонска Радио Телевизија (МРТ 2) и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Од МРТ 2 одговорија на наводите на жалителот.

Сметаат дека наводите на жалителот се неосновани и дека оспорениот прилог не ги нарушува авторските права.

*„Суад Бајрами има направено интервју со еден вработен во институцијата и има комплетен долг материјал за проблемот со водата во Тетово. МТВ 2 за водата во Тетово информираше само со кратка вест, со потврдени информации од Институтот за здравје само за да ја пополниме нашата обврска како Јавен сервис за информирање на граѓаните. Во таа 40 - секундна вест се цитираше само одговорот од институцијата, која патем е отворена за сите новинари кои бараат одговор. Затоа нема нарушување на никакво авторско право, бидејќи разликата меѓу интервју и вест е огромна“*, се вели во одговорот на МРТ 2.

Комисијата за жалби најде дека жалбата е **ОСНОВАНА**.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

На седницата на 14.11.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби најде дека во оспорениот текст има елементи на плагијаторство.
Членовите на Комисијата утврдија дека два пасуса од текстот на „Порталб“, во кои се пренесува став на вработен во Институтот за јавно здравје, се целосно преземени во текстот на МТВ 2, без да се наведе изворот на информацијата. Тоа особено е забележително ако се направи споредба на следниот пасус, објавен во текстот на Порталб и во оспорениот текст на МТВ 2:

***„Има нов вкус, нема мирис. Од вчера сме известени и ги направивме почетните анализи. Според нив, водата за пиење во Тетово е во нормални рамки. Утре ќе ги објавиме вторите резултати, додека Институтот за јавно здравје во Скопје врши детална анализа за случајот. Има невообичаен вкус и затоа немаме основ да кажеме дека се забранува за употреба, но не препорачуваме да се користи се додека не излезат резултатите од проширената анализа, кои очекуваме да ги добиеме во четврток, изјавува за Порталб.мк, д-р Ратко Давидовски од Институтот за јавно здравје“.***

***„Има нов вкус, нема мирис. Од вчера сме известени и ги направивме почетните анализи. Според нив, водата за пиење во Тетово е во нормални рамки. Утре ќе ги објавиме вторите резултати, додека Институтот за јавно здравје во Скопје врши детална анализа за случајот. Има невообичаен вкус и затоа немаме основ да кажеме дека се забранува за употреба, но не препорачуваме да се користи се додека не излезат резултатите од проширената анализа, кои очекуваме да ги добиеме во четврток“, велат од Институтот за јавно здравје“.***

Комисијата утврди дека во оспорениот текст е прекршен членот 12 од Кодексот на новинарите на Македонија, во кој се вели дека плагијаторството е неприфатливо и дека цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот. Во ставот 2 од истиот член се вели и дека доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

**Се обврзува вториот канал на Македонска Радио Телевизија (www.al.mrt.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595